БР. 7 година I јули 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА




- **ВЕСТИ**
- **ИЗВЕШТАЈ**
  ГРЕКО бара подобрување и доследно спроведување на антикорупциската регулатива во РМ
- **АНАЛИЗА**
  Има ли на Балканот волја за уништување на корупцијата?
- **ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО**
  Граѓански центри за поголема транспарентност
- **ПРИКАЗНИ ОД СВЕТОТ - ИНДИЈА**

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата “CIVICA Mobilitas” а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

**Центар за граѓански комуникации**
**Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3213 513**
**www.ccc.org.mk**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

“Оваа публикација беше овозможен во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Неколку невладини организации во Србија решија – против корупцијата да се борат со свирче! Формираа специјален интернет-портал преку кој секој граѓанин може да пријави корупција, односно да свирне со свирчето, а новинарите вработени во овој портал потоа ќе ги истражат сознанијата од таквите јавувања и ќе ја алармираат пошироката јавност. Иако работи само помалку од два месеца, порталот pištaljka.rs веќе има резултати.

Дел од корупциски скандали или барем од обвинувања за корупција често се и Обединетите нации и првите луѓе на оваа светска организација. Шефот на одделот за внатрешна ревизија поднесе оставка обвинувајќи го директно генералниот секретар на ОН за недостиг на транспарентност и одговорност.

Во соседно Косово, пак, во еден од големите корупциски скандали е уапсен гувернерот на Народната банка, додека во Бугарија пред суд ќе биде изведен лидерот на етничките Турци кои живеат во оваа земја поради сомневања за конфликт на интерес кога бил дел од власта, за време на претходната влада.

Корупцијата цвета во земјите од Западен Балкан. Неколку последни извештаи од релевантни институции наведуваат дека борбата против корупцијата во земјите од Балканот е само декларативна претставувајќи на тој начин пречка на патот на овие земји кон членство во ЕУ. Нашиот редовен аналитичар, Вања Михајлова овој пат прави пресек на состојбата со корупцијата во земјите од нашето опкружување во обид да одговори на прашањето дали во овие земји има волја за справување со овој проблем.

Во меѓувреме, групата држави против корупција при Советот на Европа (ГРЕКО) го објави Третиот извештај за евалуација за Македонија, во кој констатира недостиг од ефективно спроведување на правилата за финансирање на партиите, како и потреба од извесни правни подобрувања во криминализацијата на корупцијата. Извештајот се фокусира врз две значајни теми: криминализација на корупцијата и транспарентност на финансирањето на политичките партии и дава 13 препораки за подобрување на состојбата.

Во продолжение на месечникот го претставуваме работењето на нашите граѓански центри за унапредување на работењето на локалната самоуправа кои се отворени и функционираат во четири општини од источна Македонија. Идејата е граѓаните слободно да пријавуваат поплаки, предлози и сугестии за работата на локалната самоуправа, а потоа тие пријави да се препраќаат во општините за натамошно процесирање. Во овој број од месечникот – репортажа од работата на центрите во Штип и Виница.

На крајот ви нудиме приказна од Индија каде една невладина организација низ конкретни бројки и анализи покажува како корупцијата им ги јаде училишните оброци на децата во оваа, една од најсиромашните, земји на светот. Така, вреќите со ориз наменет за оброци на учениците, наместо по 50 килограми, додека стигнат во училиштата тежат само по 20 до 30 килограми. Разликата е цената на корупцијата!

И овој пат се надеваме дека информациите и анализите од месечникот ќе ве поттикнат да преземете конкретни чекори кон подоследна примена на принципите на ‘доброто владеење‘ и ќе ви послужат како патоказ кон потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење.



БР. 7 година I

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА


- 4 ВЕСТИ
- 6 ИЗВЕШТАЈ
  ГРЕКО бара подобрување и доследно спроведување на антикорупциската регулатива во РМ
- 8 АНАЛИЗА
  Има ли на Балканот волја за уништување на корупцијата?
- 12 ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО
  Граѓански центри за поголема транспарентност
- 15 ПРИКАЗНИ ОД СВЕТОТ - ИНДИЈА

## СВИРЧЕ – СТРАНИЦА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

БЕЛГРАД, 29 јули (Б92, Танјуг, РТС) – Во Белград е претставен интернет-порталот pištaljka.rs, преку кој граѓаните ќе можат да пријавуваат корупција, а кој ќе им гарантира заштита на идентитетот. Главниот и одговорен уредник на страницата, Владимир Радомировиќ, вели дека порталот ќе служи како своевиден сервис на пријавувачите на корупција – дувачите во свирчињата, кои ќе се осмелат да ја пријават корупцијата. „Граѓаните ќе ја пријавуваат корупцијата, а новинарите кои работат во порталот ќе ги истражуваат тие пријави. Ќе ангажираме и адвокати и правници, и ќе им дадеме максимална поддршка на луѓето кои се спремни да ја пријават корупцијата“, објаснува Радомировиќ, додавајќи дека ќе спроведат и кампања преку медиумите за да извршат притисок до надлежните институции да реагираат. Според него, ќе биде доволно граѓаните макар да укажат на некој документ или договор за кои сметаат дека се корупtivни, а потоа новинарската екипа која работи на порталот, повикувајќи се на Законот за достапност на информации, ќе бара од институциите да им ги достават тие документи. Комуникацијата која ќе се одвива преку порталот ќе биде заштитена со SSL сертификат, кој обезбедува целосна тајност на содржината на пораката. Сепак, на ‚дувачите’ во свирчињата им се препорачува своите пријави да не ги испраќаат од компјутерите на работа, туку од јавни компјутери.

Порталот е заеднички проект на три невладини организации – Центар за истражување на миграциите, Центарот за новинарство „Здружение Утопија“ и „Медија пракса“.

## ШЕФОТ НА ЦЕНТРАЛНАТА БАНКА НА КОСОВО Е УАПСЕН ВО КОРУПЦИСКА ИСТРАГА

23 јули (ББЦ) – Косовската полиција го уапси гувернерот на централната банка на Косово, Хашим Реџепи, во антикорупциска истрага. Мисијата на ЕУ за спроведување на законот (Еулекс) вели дека истрагата опфаќа сомнение за поткуп, даночно затајување, вршење влијание и перење пари. Еулекс објави дека г. Реџепи бил меѓу четворицата осомничени чии домови биле исто така пребарани.



Косовската полиција пребарувала и во Народната банка, и во еден приватна компанија.

Мисијата на ЕУ има надлежност да преземе од локалното судство и од полицијата случаи за кои се смета дека се тешки за процесирање. Последната акција со косовскиот гувернер следи по неколку истраги на Еулекс и на косовската полиција против високи функционери. Во април беше приведен министерот за транспорт, Фатмир Љимај, како дел од истрагата за изградбата на автопатиштата. Месецов, пак, беа под истрага четири компании, осомничени за измама при издавање лиценци за мобилна телефонија.

Косово е во критична фаза во својот обид да добие пошироко меѓународно признавање како независна држава. За да го постигне тоа, владата во Приштина треба да се претстави како пофункционална и способна да се бори со организираниот криминал и корупцијата, кои процветаа во Косово по војната во ’90-тите.

## ОСТАВКА НА ПРВИОТ АНТИКОРУПЦИОНЕР ПРИ ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ



Јули, 2010 (АП, Ројтерс) – Високата претставничка на Обединетите нации чија задача беше да ја искорени корупцијата поднесе оставка на крајот од нејзиниот петгодишен мандат. Инга-Брит Алениус од Шведска се наоѓаше на чело на Одделот за внатрешен надзор при ООН. На заминување, таа објави завршен извештај за својата работа, во кој го обвинува генералниот секретар на ОН, Бан Ки-мун дека „ОН пропаѓаат под негово водство“. Алениус натаму вели дека под водство на Бан Ки-мун, „нема транспарентност и има недостиг на одговорност“. Таа го обвинува генералниот секретар дека ја попречувал независноста на нејзиниот оддел, кој ги истражува злоупотребите направени од претставниците на ОН. Официјалните претставници на ОН ги отфрлија обвинувањата.

Две недели по оставката на Алениус, на предлог на првиот човек на ОН, Генералното собрание го одобри изборот на Кармен Лапуан-Јанг од Канада за нов главен ревизор на организацијата. Лапуан-Јанг претходно била главен ревизор на Светска банка, во периодот од 2004 до 2009 година.



## ЛИДЕРОТ НА БУГАРСКИТЕ ТУРЦИ СООЧЕН СО СУДЕЊЕ ЗА КОРУПЦИЈА

30 јули (Новините) – Врховниот административен суд на Бугарија ќе постапува по наводите за конфликт на интерес кај лидерот на Турците кои живеат во Бугарија, Ахмед Доган, реши бугарското Собрание.

Доган е вмешан во корупциска шема од големи размери, имал конфликт на интерес и му служел на приватниот интерес, пишува во извештајот што го усвои собраниската комисија за борба против корупцијата и конфликтот на интереси и ќе го испрати до Врховниот суд. Доган, лидер на партијата Движење за права и слободи (ДПС), член на претходната влада, наводно ставил во џеб 1,5 милиони бугарски лева (околу 750.000 евра), како консултант на четири големи хидроенергетски проекти финансирани од државата. Скандалот изби во мај годинава, кога при посетата на премиерот Бојко Борисов на една од хидроцентралите, е откриено огромно зголемување на почетната цена за изградба. Произлегло дека токму од оваа централа Доган наплатил огромен хонорар „експерт“, кој му го исплатила државната електродистрибуција. Свикувањето на собраниската комисија за да ја донесе одлуката за Доган успеа во вториот обид, откако првиот пат двајца парламентарци неочекувано не се појавија на седницата. Ова беше протолкувано како обид на Доган да избегне соочување со правдата. Случајот со Доган се смета дека е тест за центристичко-десничарската влада на Борисов, која победи минатата година со ветување дека ќе ги доведе до лицето на правдата сите кои се вклучени во големи корупциски скандали. Според бугарското законодавство, ако биде осуден, Доган би платил казна од 500 до 1500 евра, но може да биде наредено и да ги врати парите за исплатените хонорари.

# ГРЕКО БАРА ПОДОБРУВАЊЕ И ДОСЛЕДНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНТИКОРУПЦИСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО РМ



Групата држави против корупција при Советот на Европа (ГРЕКО) го објави Третиот извештај за евалуација за Македонија, во кој констатира недостиг од ефективно спроведување на правилата за финансирање на партиите, како и потреба од извесни правни подобрувања во криминализацијата на корупцијата. Извештајот се фокусира врз две значајни теми: криминализација на корупцијата и транспарентност на финансирањето на политичките партии.

Во врска со транспарентноста на партиското финансирање, ГРЕКО потенцира дека, иако релевантната правна рамка на Македонија е добро развиена и содржи бројни силни карактеристики, во практиката има недостиг од ефикасно спроведување на правилата за финансирање на партиите. ГРЕКО посочува дека овој проблем може да се припише на екстремно расцепканиот и целокупно неефикасен систем на надворешна супервизија.

Ова, од своја страна, резултира со тоа што можните прекршувања на правилата за финансирање на партиите не се кривично гонети и во крајна линија, не се казнети. Исто така, од суштинска важност за кредибилитетот на системот е во практиката да се почитуваат ограничувањата на трошоците за избори, особено преку воспоставување адекватен финансиски референтен период за време на изборните кампањи, како и да се поведе грижа дека стоките и услугите кои се даваат по дисконтни цени се јасно идентификувани и оправдани.

Во однос на криминализацијата на корупцијата, ГРЕКО забележува дека – по правната реформа на Кривичниот законик – кривичниот закон на Македонија генерално е во согласност со релевантните одредби на Конвенцијата за кривичен закон за корупција на Советот на Европа.

Сепак, ГРЕКО идентификува некои аспекти од законот кои не ги задоволуваат стандардите, вклучувајќи неколку „дупки“ во казнениот престап, тргување со влијание; тесниот опсег на можните извршители на подмитување во приватниот сектор и барањето за двоен криминалитет во однос на кривичните дела на корупција извршени во странство. Освен тоа, го потенцира потенцијалот за злоупотреба во одбраната на ‚ефективното каење‘, на што може да се повика кога престапникот пријавува кривично дело по неговото извршување.

Во извештајот, ГРЕКО дава 13 препораки за Македонија, чиешто спроведување ќе го оцени во втората половина од 2011 година.

### Препораки од ГРЕКО за Македонија:

1. Да се преземат правните мерки потребни да се осигури дека кривичните дела на активно и пасивно подмитување во јавниот сектор ги покриваат сите акти/пропусти во извршувањето на функциите на еден јавен функционер, без оглед дали е тоа во склоп на должностите на функционерот или не;

2. Да се преформулира кривичното дело ,поткуп на странски јавни функционери‘ содржано во член 357 (6) од Кривичниот законик со релевантните одредби кои се однесуваат на поткуп на домашни јавни функционери, во согласност со член 5 од Конвенцијата за Кривичен закон за корупција (ETS 173);
3. Јасно да им се стави на знаење на професионалците дека активниот и пасивниот поткуп на домашните и странски арбитри се покриени преку концептот на јавниот функционер, како што е формулирано во член 122 од Кривичниот законик;
4. Да се осигури дека легислативата во однос на корупцијата во приватниот сектор го покрива на недвосмислен начин целиот спектар на лица кои управуваат или работат – во кое и да е својство – за ентитети во приватниот сектор;
5. Да се прогласи за нелегално активното тргување со влијание како кривично дело; да се ревидира одредбата за пасивно тргување со влијание, за недвосмислено да го покрива а) барањето или прифаќањето на понудата или ветувањето на незаслужена предност од злоупотребувачот на влијание; б) директното и индиректното извршување на кривичното дело; и (в) оние случаи каде што предноста не е наменета за самиот поткупувач, туку за трето лице;
6. Да се укине барањето за двоен криминалитет во однос на кривичните дела ,поткуп и тргување со влијание‘ извршени во странство; да се воспостави надлежност врз кривичните дела ,поткуп и тргување со влијание‘ извршени во странство од домашни јавни функционери и членови на домашните јавни совети на Македонија кои не се жители на земјата; да се воспостави надлежност врз актите на корупција извршени во странство од странци, но кои вклучуваат функционери од меѓународни организации, членови на меѓународни параламентарни собранија, судии или функционери од меѓународни судови кои се, истовремено, жители на Македонија;
7. Да се анализира и, следствено на тоа, да се ревидира автоматското – и задолжително целосно – ослободување од казна кое им се доделува на извршителите на активен поткуп во јавниот и во приватниот сектор, кои одговараат пред властите за спроведување на законите, и да се укине задолжителното враќање на поткупот на давачот на поткуп во таквите случаи;
8. Да се воведат јасни одредби за отпочнувањето на изборната кампања, земајќи ја предвид обврската да се прават пресметки за кампањата и финансиски извештаи за кампањата; и да се продолжи финансискиот референтен период кој се однесува на изборните кампањи, така што финансиската активност за време на овој период е точно и детално евидентирана;
9. Да се подобри Изборниот законик, со цел да се осигури дека стоките и услугите кои им се даваат на организаторите на изборната кампања по дисконтни цени се соодветно идентификувани и оправдани по нивната пазарна вредност, како донации, со цел да се осигури дека правилата за висината на донациите не се заобиколени;
10. Да се зголеми транспарентноста на сметките и активностите на ентитетите поврзани, директно или индиректно, со политичките партии, кои се инаку под нивна контрола, и да се вклучат, како што е соодветно,сметките на тие ентитети во пресметките на политичките партии;
11. Да се осигури дека сите политички партии се адекватно информирани и советувани (на пример, преку обезбедување на обука/правилници) за соодветните регулативи за партиско финансирање, особено што се однесува на нивните сметководствени аспекти;
12. Да се обезбеди водечко независно тело потпомогнато, ако е соодветно, од други надлежни органи, со мандат, адекватни моќи и извори за спроведување на проактивна и ефикасна супервизија, истрага и применување на регулативите за политичко финансирање;
13. Да се осигури дека механизмот за наметнување санкции за прекршување на правилата за политичко финансирање функционира ефикасно во практиката, и особено да се осигури дека санкцијата за губење на јавните финансиски средства од страна на политичките партии и организаторите на изборни кампањи може да се примени во практиката.

Group of States against Corruption
GRECO

**Вања Михајлова,** антикорупциски експерт

# ИМА ЛИ НА БАЛКАНОТ ВОЛЈА ЗА УНИШТУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА?






Ако постои нешто што може да се дефинира како најголем заеднички именител за земјите од Западен Балкан – тоа е сигурно високото ниво на корупција, но истовремено и „силната посветеност на властите за ефикасна борба за нејзино уништување“. Борбата против корупцијата е најсилниот лајтмотив на сите политички партии во изборните кампањи, но на кој се заборава откако ќе се освои власта и ќе се почувствува мирисот на моќта и, особено, на парите. Тогаш, борбата против корупцијата се сведува на демагогија или на обична „фарса“. Корупцијата често се акцентира како ранлива област за земјите од Западен Балкан и е клучно прашање на кое треба да му се посвети особено внимание заради понатамошниот економски и социјален развој во нивниот интеграциски процес кон ЕУ. Оттука, сосема е очекувано што корупцијата се посочува како една од најголемите бариери за овие земји за зачленување во ЕУ, а ефикасната борба против корупцијата е еден од клучните предуслови за остварување на овие аспирации. Високиот степен на корупција претставува висок ризик и за самата Европска Унија и за нејзиниот демократски и економски развој доколку еден ден земјите од западен Балкан станат нејзини членки, особено по лошите искуства со Романија и Бугарија.

На ова постојано укажува Европската комисија во своите годишни извештаи за напредокот на земјите-кандидати во исполнување на бараните критериуми за приклучување кон Унијата. Така, ЕК во Извештаите за 2009 година за овие земји, укажува дека „корупцијата сè уште претставува сериозен проблем“, дека е таа „широко распространета“, дека „корупцијата преовладува во многу области“, дека „корупцијата сè уште останува на многу високо ниво”, дека „јавните набавки, давањето лиценци, приватизацијата се меѓу ранливите области” и дека „преземената обврска од страна на власта за борба против корупцијата не се реализира во практиката”. На земјите им се препорачува „да работат повеќе на зајакнување на административните капацитети за борба против корупцијата“, „ефикасна имплементација на антикорупциската легислатива”, дека е потребен „посистематски и стратегиски пристап, транспарентност и одговорност на надлежните органи со барање на одговорност” и „поефикасна имплементација на одредбите за конфликт на интереси”.

Но, наспроти ваквите децидни барања од Европската комисија, во земјите од западен Балкан барем засега нема некој посериозен пристап и вистинска волја за уништување на корупцијата, освен декларативно преземените обврски дека „ќе се постапи по забелешките на ЕК на овој план”.

## Истражувања за нивото на корупција

Различни истражувања за нивото на корупција во западниот Балкан само ги потврдуваат горespоменатите забелешки на ЕК. Според последното такво истражување од јуни годинава на агенцијата „Галуп“ – генерална перцепција на граѓаните од земјите од Западен Балкан е дека корупцијата во регионот е зголемена и во јавниот, и во приватниот сектор. Истражувањето открива дека повеќе од две третини од испитаниците корупцијата ја гледаат како „уништувачка“ и „широко распространета” како во редовите на власта, така и во бизнисот.

Според резултатите од ова истражување, перцепцијата за корупција е најголема во Хрватска (92%), потоа во Србија (91%) и во Босна и Херцеговина (90%), што е повеќе во однос на 2006 година, освен за Македонија и за Албанија. Перцепцијата за корупција во владините институции е највисока

во Косово (84%) и во БиХ (81%), додека Црна Гора е исклучок од сите земји од регионот, со процент од само 49% од испитаниците кои сметаат дека има корупција во власта. Алармантно, повеќе од четвртина од анкетираните во БиХ и во Косово одговориле дека тие лично биле жртви на организиран криминал во нивниот секојдневен живот. Повеќе од половина од Албанците одговориле дека морале да понудат поткуп или подарок со цел да решат некој проблем минатата година, во споредба со 8% од анкетираните Хрвати. Според директорот на „Галуп" за Европа, нивото на доверба кое граѓаните го имаат во владата и во правосудните органи е круцијално за нивните перцепции. Според него, граѓаните кои имаат доверба во политичарите се чувствуваат помалку погодени од економската криза – без оглед на нивната материјална состојба. За одделни експерти од Германскиот институт за меѓународни и безбедносни работи, периодот на „беззаконие" на Балканот помеѓу 1991 и 2001 година, кога насилството и криминалните активности превладуваа и креираа нов сектор на т.н. забранета економија, креираше висок степен на корупција. Според нив, економското ембарго кон поранешна Југославија воведено од меѓународната заедница – гледано од денешна перспектива, беше екстремно контрапродуктивно, бидејќи продуцираше организиран криминал и корупција.

Шансата за подобрување на состојбите на овој план се гледа преку исполнувањето на критериумите за приклучување кон ЕУ. Но, се предупредува дека на некои од овие земји многу не им се брза да се интегрираат во европското семејство, и поради тоа ветувањата за спроведување реформи и исполнување на условите на ЕК мора да имаат поголем кредибилитет – да се инсистира на резултати, не на празни ветувања. Косово се потенцира како реален проблем во регионот поради високата стапка на наталитет и големиот број невработени млади луѓе. Некои експерти ѝ сугерираат на ЕУ да го намали нивото на корупција и криминал во Косово со тоа што ќе дозволи миграција на работната сила во Унијата.

И извештајот на „Фридом Хаус" од 2009 година потврдува дека корупцијата останува ургентен проблем на кој треба да му се даде посебен акцент и дека нема некои подобрувања во однос на 2008 година. Резултатите од Глобалниот барометар за корупција покажаа дека повеќе од 32% од испитаниците во Албанија, во Косово и во Македонија, и помеѓу 18-32% од Србија пријавиле дека платиле поткуп за да им биде извршена некоја услуга. Ова покажува дека и покрај тоа што земјите од регионот усвоија национални стратегии за антикорупција и акциски планови и презедоа одредени чекори кон зајакнување на институционалната и на законодавната легислатива на овој план, отсуствува конкретна имплементација, обезбедување на одржливост на ваквите политики и цврста обврска на власта за квалитетно подобрување во борбата против корупцијата.

## Косово

Косово во последните месеци со соочи со корупциски скандал во кој се инволвирани високи функционери – министерот за транспорт и врски, кој е обвинет за перење пари, организиран криминал, финансиски измами и поткуп, претседателот на комисијата за јавни набавки, а уште шест други функционери се под истрага од страна на мисијата на ЕУЛЕКС. Акцијата е поврзана со корупција во врска со тендерите за изградба на патишта помеѓу 2007 и 2009 година. Но, она што ги изненади странските претставници во Косово е острата реакција на премиерот и на претседателот на Собранието, кои оваа акција на обвинителството ја нарекоа „шоу", а единствена поддршка дојде од претседателот на државата. Оттука, претставниците на странските мисии во Косово не се убедени дека овие корупциски скандали ќе завршат со судска пресуда и дека судството ќе може да донесе пресуда, поради сомневањата дека постои вистинска волја за борба против корупцијата.

## Албанија

Според истражувањето на УСАИД од оваа година, корупцијата во Албанија останува на високо ниво. Перцепцијата и искуството на јавноста за степенот на корупција останува на исклучително високо ниво. Околу 91,8% од испитаниците во истражувањето одговориле дека корупцијата во јавната администрација е или „широко распространета", или „некако распространета". Според резултатите, религиските лидери, претседателот, медиумите, армијата, наставниците во јавните училишта и лидерите на НВО-секторот се перципирани како најмалку корумпирани, додека царинските службеници, даночните службеници, министрите, пратениците и лекарите се перципирани како најмногу корумпирани. Според истражувањето, јавноста во целина во Албанија смета дека институциите не прават доволно за борба против корупцијата. Само медиумите, од сите испитувани институции добија оценка повисока од 50% на скалата од 0 до 100 на прашањето дали придонесуваат за борба против корупцијата (62,4%). Религиските лидери, Високиот инспекторат за пријавување и контрола на анкетните листови и судовите се перципирани како органи кои најмалку придонесуваат во борбата против

корупцијата, додека во целина, довербата во јавните институции останува на многу ниско ниво. Во однос на довербата, преодна оценка доби само армијата, додека најмала доверба уживаат партиите. Останува висок процентот на граѓани кои не веруваат во судството (64,1%). Најподложно на поткуп останува здравството, каде што 33,5% од испитаниците одговориле дека понудиле поткуп на лекар или на медицинска сестра.

## Босна и Херцеговина

Според експерти на Прашкиот институт за безбедносни студии, причините за неспроведување на реформите во Босна и Херцеговина се лоцираат во корупцијата. Се оценува дека пристапувањето на земјата кон ЕУ ќе придонесе кон политичка, правна и економска стабилизација, а со тоа и кон намалување на корупцијата. Со доближување на земјата кон Унијата, ќе се воспостави владеење на правото и ќе се надмине „демократскиот дефицит", кој е плодна почва за корупција.

Со цел јавноста да се запознае со штетните последици од корупцијата, во тек е кампања под мотото „Корупцијата ви зема сѐ". Кампањата ја претставува корупцијата како неприфатлива навика која влијае штетно врз целокупното општество. Притоа, полициски службеници ги едуцираат граѓаните за механизмите кои му овозможуваат на секој поединец да помогне во уништување на корупцијата во земјата.

## Хрватска

Хрватскиот бизнис-сектор неодамна испрати до јавноста драматична опомена дека земјата е корумпирана. Хрватската јавност беше изненадена што земјата е послабо рангирана на листите за корупција отколку во претходните години. Бизнисмените, оценувајќи дека власта недоволно се бори за уништување на корупцијата, оценуваат дека зголемувањето на корупцијата се должи на бавните реформи, неусвојувањето нова легислатива и на малиот број новооткриени, објавени и процесирани случаи на корупција. Невладиниот сектор, пак, предупредува дека резултатите од истражувањата во иднина ќе бидат многу полоши. Според овој сектор, индексот на перцепција на корупцијата во Хрватска се зголемува бидејќи во земјата нема вистинска политичка волја за борба за уништување на корупцијата и постои нетранспарентност при носењето на одлуки. НВО-секторот предлага борбата против корупцијата да се води со акции, наместо со зборови. Општа е оценката дека за лошата состојба со корупцијата најмногу пидонесуваат нетранспарентните тендери, директните договарања на зделките „под маса", конфликтот на интереси, како и доделувањето концесии без конкуренција и транспарентност.

Бизнис-секторот предупредува дека влошувањето на индексот за перцепција за корупцијата игра битна улога при носењето одлуки во рамките на меѓународните бизнис-кругови. Се укажува дека потенцијалниот инвеститор најверојатно нема да реши да инвестира во земја со високо ниво на корупција и ќе се сврти кон некоја соседна, помалку корумпирана земја, што не ѝ оди во прилог на Хрватска, чии соседи имаат многу пониско ниво на корупција. Поради сето ова, експертите бараат ревизија на Националната програма за уништување на корупцијата. Според нив, поразителен е фактот што кај хрватските граѓани е всадено верувањето дека „поткупот и корупцијата се перфектно нормален начин за вршење бизнис".

Корупцијата беше во средиштето и на неколку големи корупциски скандали во Хрватска, при што беа обвинети високи функционери од актуелната власт и од партијата на власт - меѓу кои заменик претседателот на владата, министри, директори на моќни државни компании, универзитетски професори. Откривањето и процесирањето на овие корупциски скандали ѝ донесоа поени на земјата на нејзиниот пат кон приклучување кон Унијата, но се укажува дека тие мора да имаат судска завршница, со што ќе се покаже вистинската волја за борба против корупцијата.

## Србија

И во Србија неодамна се објавени резултати од истражување на корупцијата, според кои 15% од испитаниците платиле поткуп во првиот квартал од 2009 година (што е повеќе од претходните години) за да осигураат пристап до јавните услуги. Според одговорите на испитаниците, корупцијата е на трето место како најголем проблем на земјата, по невработеноста и сиромаштијата. Иако признаваат дека и тие имаат одговорност за високиот степен на корупција, сепак сметат дека владата и полицијата се оние кои мораат да ја водат битката против ова зло. Според одговорите, постојат повеќе начини за откривање на корупцијата, но 96% сметат дека се потребни построги казни против инволвираните во коруптивните практики. Според тимот на ООН за Србија, резултатите од истражувањето ќе придонесат за поддршка на граѓаните и на владата во напорите за промовирање на доброто однесување, транспарентност и одговорност заради уништување на корупцијата и за реализација на аспирациите на земјата за приклучување кон ЕУ. Се оценува дека, иако Србија ги донела антико-

рупциските закони и формираше антикорупциска агенција, борбата против корупцијата сè уште не е на задоволително ниво.

И според друго истражување за корупција во Србија спроведено оваа година од УНДП и од Антикорупциската агенција, 90% од граѓаните сметаат дека корупцијата е вообичаена навика, 16% изјавиле дека дале поткуп, а 33% знаат дека нивни пријател или роднина дал поткуп. Според испитаниците, корупцијата е широко распространета, а поткупот понекогаш е единствен начин да се допре до бирократизираната администрација. Бројот на граѓани кои веруваат дека корупцијата ќе се намали во наредните години е помалку од 10%

## Црна Гора

Во јуни оваа година, ЕУ објави дека ќе финансира проект во Црна Гора за истражување на искуствата и на мислењето на граѓаните за интегритетот на јавните службеници. Истражувањето ќе биде спроведено од страна на Канцеларијата на ООН против дрога и криминал (УНОДЦ), во рамките на регионалната програма за истражување на корупцијата во западен Балкан, и ќе биде еден од седумте регионални истражувања на оваа организација што ќе се имплементира наредната година. Истражувањето има цел да им помогне на властите во борбата против корупцијата и криминалот. Ова истражување ќе резултира со извештај за седум земји од западен Балкан, кој ќе им овозможи на властите од секоја земја поединечно да имаат увид за состојбите, а на нивните граѓани да дадат перцепција за криминалот и корупцијата. Крајната цел е да се поттикнат властите од регионот да покажат поголема ефикасност и да ги зајакнат капацитетите во борбата против корупцијата и криминалот, како и да соработуваат меѓусебно на овој план.

## Каде е Македонија во оваа приказна?

Во РМ, последното и единствено посериозно истражување за корупцијата е извршено во 2005 година, од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рамките на проектот Пако Импакт на Советот на Европа. Покрај ова, истражувања за корупцијата беа извршени пред неколку години од страна на невладиниот сектор (во областа на високото образование и во одделни најранливи области за корупција: здравство, јавни набавки, јавна администрација, градежништво), а корупцијата беше опфатена како едно од прашањето во рамките на разни истражувања за други теми, спроведени од страна на странски институции или на странски НВО. Перцепцијата на испитаниците во сите претходни истражувања покажа висок степен на корупција, ниска доверба во институциите и недоволно ефикасна борба против корупцијата.

Во Македонија, за разлика од другите земји од регионот, отсуствува посеопфатно истражување за перцепцијата и за виктимизацијата од корупција, кое би дало реална слика за состојбата со овој проблем. Европската комисија, во својот годишен извештај за напредокот на РМ од 2009 година, оценува дека „корупцијата превладува и продолжува да биде сериозен проблем во многу области. Потребни се континуирани напори, особено во поглед на имплементација на правната рамка".

Македонија ги донесе антикорупциските закони, а усвои и Државна програма за превенција на корупцијата и Државна програма за превенција на судирот на интереси со акциски планови. Но, во практиката борбата против корупцијата повеќе се сведува на декларативна заложба. Нема конкретни акции по наодите на државниот ревизор за незаконско и ненаменско трошење на милионски евра јавни пари од страна на министерствата, владините агенции, јавните претпријатија, локалната самоуправа. Резултатите од мониторингот врз постапките за јавни набавки покажуваат бројни повреди на законските процедури и сомневања за однапред договорени тендери, нетранспарентност и отсуство на одговорност. Законот за спречување на судир на интереси и Законот за спречување на корупцијата по однос на забраната за извршување и по неколку функции, долго време останаа само на хартија и препуштени на волјата на носителите на тие функции и на партиите на власт.

Оттука зачудува фактот што во Македонија во последните четири години не се спроведе посериозно истражување на јавното мислење за корупција и зошто тоа не го направи барем Државната комисија за спречување на корупцијата.





# ГРАЃАНСКИ ЦЕНТРИ ЗА ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Веќе шест месеци, во четири општини од источна Македонија, работат граѓански центри чијашто задача е да го зголемат учеството на жителите од овие општини во креирањето на политиките на општините, да ја унапредат комуникацијата на општините со граѓаните и, воопшто, да го подобрат работењето на локалните самоуправи. Овие центри во Штип, Струмица, Свети Николе и Виница се основани од невладините организации НВО Инфоцентар, Центар за граѓански комуникации и ЕХО, кои партнерски го спроведуваат Проектот за транспарентно владеење на УСАИД.

Координаторот на овие центри, Бети Пејева, вели дека центрите, кои се прв ваков механизам во земјава, претставуваат алатка со која ќе им се овозможи на граѓаните полесен пристап до работата на општината и место каде што слободно можат да ги искажат своите поплаки, жалби и сугестии за унапредување на работата на општините во кои живеат и работат.

Секој од центрите во четирите градови има своја канцеларија во која работи координатор на центарот и монитор кој ги прима поплаките, секој работен ден од 10 до 14 часот. Малата канцеларија во која е сместен центарот во Штип се наоѓа веднаш до Градското собрание и е лесно пристапна за граѓаните кои сакаат да ја посетат и да поразговараат за своите проблеми.

-Овде доаѓаат граѓани, кажуваат што мислат за работа на општината, дали се задоволни или не и што е она што им пречи. Понекогаш даваат и конкретни предлози за работата на локалните власти. Центрите имаат посредничка улога – овозможуваат да бидат слушнати оние кои досега ја немале таа можност. Ние понатаму анализираме што е тоа на што најмногу се жалат граѓаните, што е она што сакаат да им го кажат на властите, овозможуваме контакт со работните тимови во општините за она на што се жалат граѓаните да биде понатаму процесирано и решено, вели Пејева.

Центарот во Штип ја координира работата на сите четири центри, кои ќе останат отворени во следните две години. Невладините активисти во центрите пополнуваат унифицирани обрасци за секоја поплака од граѓаните, без разлика дали тие дошле лично во канцеларијата, се јавиле на некој од телефоните за поплаки или ја доставиле поплаката на електронската адреса. Ваквите обрасци потоа се анализираат и се класифицираат, што овозможува да се има редовна слика за случувањата во локалната самоуправа, за прашањата за кои граѓаните



Од отворањето на центрите

најмногу се жалат и за потребните промени во работата на општината.

- Граѓаните ни велат дека се задоволни што има едно вакво место каде што може да ги искажат своите проблеми, и на тој начин да влијаат врз подобрување на работата на локалната самоуправа, вели мониторот на центарот во Штип, Олгица Поп Андонова.

Покрај можноста за комуникација лице в лице со луѓето кои секојдневно се во центрите, поставени се и сандачиња во самите објекти на општината. Досегашното искуство од краткото работење на центрите покажува дека е потребно уште време за граѓаните да почнат почесто и послободно да доаѓаат во центрите и за да се пожалат на работата на општината.

Практиката на луѓето кои работат во центрите покажува дека граѓаните многу повеќе зборуваат при неформални разговори со нив и со претставници на другите невладини организации. Граѓаните тогаш подиректно ги истакнуваат проблемите кои ги имаат со локалната самоуправа, како и лошите процедури и практики со кои се соочиле. Има случаи кога дури и самите вработени во локалната самоуправа се жалат на одредени постапки и процедури, меѓутоа не сакаат лично да достават официјална поплака.

- Се наметнува потребата повеќе да се работи со граѓаните за тие да стекнат навика дека имаат можност и дека треба да го кажат своето мислење, затоа што се забележува инертност во однос на активноста на граѓаните во креирањето на политиките и при решавање на проблемите во општините, објаснува Пејева.

Во оваа насока, центрите планираат да почнат со спроведување на периодични анкети на граѓаните, во обид да се приближат уште повеќе до нив.

За време на нашата посета на центарот, дојде жителка од градот која сакаше да поразговара анонимно за своето искуство со општината. Поразговаравме и ние со неа. Ни откри дека не ѝ е првпат да додаѓа во центарот, а посоветувала и некои свои роднини да дојдат.

- Досега се имам пожалено за повеќе работи и знам од луѓето во општината дека моите поплаки веќе им се пренесени и очекувам конечно да ми се решат. На пример, не сум задоволна што на едно мое барање до општината ми е доставен негативен одговор без образложение зошто и како. Во други ситуации, општинската администрација не знае да ни одговори на



прашањата и ни велат дека така се работело и досега и дека истото тоа важи и за нас, објаснува жената.

Таа додава дека била навистина изненадена кога слушнала дека има некој што се занимава со општините. – Знаете, ние, граѓаните, сме лаици и многу од работите не ги знаеме. Често добиваме одговори кои не ни помагаат за решавање на проблемите, а потоа не знаме каде понатаму да се обратиме за помош. Секако, овде ќе влијае работата на центарот, но мора и општината да биде подготвена за промени.

Од центрите нагласуваат дека нема некое правило кои групи на граѓани се жалат најчесто. Велат дека најголем број на поплаки се во врска со однесувањето на службениците во локалната самоуправа и со неажурноста и долгото чекање за одговор на доставено барање, а неколкумина искажале и незадоволство од партиски вработувања и несоодветната распределба на работни места во општината, каде што на позиции се назначуваат луѓе без соодветно искуство и соодветно образование.



Тодор Цонев, координатор на центарот во Виница, вели дека досегашните поплаки во нивниот центар главно се од сферата на урбанизмот, јавното осветлување и инфраструктурата. Тој објаснува дека поради навиките на луѓето кои тешко се менуваат, особено во помали места како Виница, луѓето сè уште потешко се одлучуваат да дојдат во еден ваков центар, отколку да побараат некој познат во општината за да се обидат да ја завршат работата.

- Ги повикуваме луѓето и преку постери во целиот град, и преку медиумите да дојдат кај нас и да ни кажат какви проблеми имаат, за да помогнеме да им се решат. Однесовме и прашалници кај луѓето во селата за да видиме какви се нивните проблеми, бидејќи овие луѓе некако се настрана од локалната самоуправа, вели Цонев.

Цонев објаснува дека е многу важно граѓаните отворено да зборуваат за своите проблеми, оти центрите освен што ќе ги процесираат понатаму нивните поплаки за решавање во општината, ќе работат и на унапредување на процедурите и постапките, со цел во иднина да не се појавуваат такви проблеми или да постојат јасни процедури како да се решаваат. Тој нагласува дека имаат добра соработка со општината и дека наскоро ќе почнат да работат врз спроведување на препораките за унапредување на работата, кои се доставени до општинската администрација. –Навистина забележавме дека луѓето од локалната администрација се раздвижија и постојано комуницираат со нашиот центар, вели Цонев.

- Неформалното или анонимно обраќање на граѓаните до центрите не е проблем, вели Пејева. -Ако граѓаните неформално ни се обраќаат нам, ние исто така можеме неформално да ѝ се обратиме на општината и барем да пренесеме на кој дел се однесува незадоволството. Но, она што формално го бараме од општините е да се сменат одредени процедури и да се воведат нови механизми кои ќе го подобрат задоволството на граѓаните.

Од трите невладини организации што го спроведуваат проектот истакнуваат дека веќе се остварени конкретни резултати во оваа насока, и тоа не само од работата на центрите, туку и преку другите активности на проектот, пред сè, обуките за локалните службеници и препораките за унапредување на работата во насока на поголемо задоволство на граѓаните кои произлегоа од тие обуки. На обуките им претходеа дебати на кои градоначалниците, раководителите на службите и вработени во општините ја прифатија иницијативата – врз основа на истражување на јавното мислење на граѓаните, на бизнисмените и на невладините организации, во овие општини да се лоцираат слабостите и заеднички да се работи врз нивно отстранување, а сето тоа во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно владеење.

- Увидоа дека ние не сме овде само за да ги критикуваме и да наоѓаме забелешки, туку и да работиме заедно со нив врз подобрување на целата ситуација. Така, првичниот сомнеж прерасна во добра соработка. Самите градоначалници се заинтересираа да работат со нас, да овозможат обуки на своите вработени и да формираат работни тимови кои ќе работат врз спроведување на препораките кои произлегоа од обуките. Сето ова оди по една нагорна линија и се надевам дека овие четири општини каде што започна проектот ќе бидат пример за тоа како може локалната самоуправа, во соработка со невладините организации и со граѓаните, да придонесе за унапредување на работата на локалните власти и за зголемување на задоволството на граѓаните од таа работа. Задоволни сме од оваа прва фаза и се надевам дека на крајот од годинава ќе завршиме со добар процент на веќе спроведени препораки, вели Пејева.

Проектот понатаму предвидува процедурите и практиките од четирите пилот-општини да се пренесат на дел од скопските и од општините од западна Македонија. Иако во секоја од овие општини можат да се појават појават и нови, различни проблеми, сепак, ценејќи од искуството со четирите пилот-општини, може да се констатира дека проблемите со недоволната транспарентност, отчетност и одговорност, како и недоволната вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуките во општините, се присутни во сите општини.





ДИМАПУР, 2 јуни (Морунг Експрес) – Индиската држава Нагаланд има лошо искуство во спроведување на програмата за училишни оброци. Оваа програма, која почна да се спроведува на централно ниво, всушност охрабри широко распространета корупција. Таа беше присутна во снабдувањето, во квалитетот и во количината на оброците што ги добиваа децата во училиштата. Документи обелоденети од невладината органи-

# КОРУПЦИЈАТА ИМ ГИ ЈАДЕ УЧИЛИШНИТЕ ОБРОЦИ НА ДЕЦАТА



зација „Младинска мрежа“ го покажаа неуспехот на проектот за училишни оброци во државата Нагаланд. Од март 2008 до март 2009 година, Корпорацијата на храна на Индија ѝ доделувала по 998 тони ориз квартално на Владата на Нагаланд. Пресметано во вреќи, Владата примала по 19 960 вреќи секои три месеци. Ако оваа количина се дистрибуира подеднакво на сите области, секоја од нив добива по 1814 вреќи квартално. Секоја вреќа содржи 50 килограми најквалитетен ориз од класата „А“. Но, додека дојдат вреќите ориз до училиштата, и квалитетот и количината се намалувале. За време на ревизијата спроведена од „Младинска мрежа“, повеќето училишта се пожалиле дека оризот што го примаат понекогаш не е погоден за човечка консумација, туку е повеќе за хранење свињи. Уште повеќе, количината на ориз по вреќа била драстично намалена на 20 до 30 килограми.

Официјални претставници на Министерството за образование оправдуваат дека количината на ориз е намалена за да можат да се покријат транспортните трошоци. Претставници на „Младинската мрежа“ ова оправдување го сметаат за несоодветно. Постои сомневање дека квалитетот на оризот исто така се намалува во процесот на дистрибуција. Од невладината организација велат дека несовпаѓањето станало толку прекумерно што на децата им се одзема правото на храна.

Треба да се спомене дека во согласност со одлука на Врховниот суд од 2004 година, Владата на Индија почна да учествува и во транспортните трошоци, истовремено со обезбедувањето бесплатен ориз. Владата исто така обезбедува и дел од трошоците за готвење на храната. Министерството вели дека е речиси невозможно целосно да се спроведе програмата за секојдневен оброк на децата во училиштата. Сепак, министерството се обидува да направи сè што е во негова моќ за да обезбеди вакви оброци колку што може почесто, додаваат надлежните. Интересно, но речиси сите училишта секојдневно добиваат по еден оброк во текот на целата година. Во внатрешноста на земјата, многу училишта не добиваат зготвена храна, туку се дава сиров ориз за дома. Извори од Министерството велат дека Владата се соочува со криза во спроведувањето на програмата за училишни оброци. Иако програмата се спроведува од страна на Комитетот за образование на селата и во најголем дел случаи, овој комитет го обвинува Министерството, сепак е очигледно дека корупцијата е навлезена на сите нивоа.



## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија, преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.